Krivykh Sergei ............ 1523
UNDERSTANDING STIGMA – THEORETICAL AND EMPIRICAL APPROACHES ............ 1529
Rumiana Budjeva ............ 1529
WORKING OF FLEXIBLE PROJECT MANAGEMENT TEAMS (AGILE) ............ 1537
Histo Sirashki ............ 1537
PROJECT MANAGEMENT AND DEVELOPMENT ............ 1541
Baki Koleci ............ 1541
Rina Koleci ............ 1541
MANAGEMENT FUNCTION OF SUPPRESING MOBBING ............ 1545
Šaban Mutatović ............ 1545
Nina Paunović ............ 1545
Miodrag Šmelcerović ............ 1545
THE ROLE OF STATEGIC MANAGEMENT IN TRANSITION CONDITIONS ............ 1549
Anita Cucovič ............ 1549
THE GREEN IDEA IN THE CONTEXT OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT OF TOURISM ............ 1553
Iva Bichurova ............ 1553
Petia Yordanova-Dinova ............ 1553
THE ROLE OF THE JUDICIAL EXPERTS AND THE MEDICAL EXPERTISES PREPARED BY THEM IN THE INVESTIGATION AND ESTABLISHMENT OF TORTURE AND OTHER CRUEL, INHUMAN OR DEGRADING TREATMENT OR PUNISHMENT ............ 1559
Svetlozar Spasov ............ 1559
THE NORMATIVE REGULATION OF MEDICAL DEVICES – A GUARANTOR FOR THE PROTECTION OF PATIENTS' RIGHTS AS USERS OF HEALTH SERVICES IN THE REPUBLIC OF BULGARIA ............ 1567
Mikael Chakaldziyan ............ 1567

INDEPENDENCE OF DOCTORS IN PROVIDING MEDICAL ASSISTANCE TO PERSONS DEPRIVED FROM LIBERTY ........ 1573
Svetlozar Spasov ........ 1573
E- HEALTH: THE MODERN INSTRUMENT FOR IMPROVING HEALTH SYSTEMS AND PROVIDING ACCESSIBLE AND HIGH-QUALITY HEALTH CARE ........ 1581
Momchil Mavrov ........ 1581
Mariya Hristozova ........ 1581

# KRIVOLAK BATTLE- EXAMPLE OF A SENSELESS HUMAN TRAGEDY

**Oliver Cackov**
University „Goce Delcev„ – Stip, Republic of N.Macedonia, oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Abstract:** In this paper the battle of Krivolak is presented as an example of a senseless human tragedy that took place during the First World War and took place in central Macedonia. This battle showed all the nonsense, absurdity and futile tragedy of the participants in it. It outlines the schedule and military operations of the Bulgarian and French troops, enriched with geographical and topographical data. Also it points to the unbearable position in which soldiers from both sides found themselves, the cruel discipline and the specific and psychologically condition of the long-suffering in the shades. In the paper there is also a point about the complete eviction of the surrounding villages, some of which were completely destroyed. During this period the population was not spared not only by the military events but also by the many diseases that mercilessly decimated it. The subject refers only to one episode of the war in this part of the Macedonian front which I think will turn it around the attention.
**Keywords:** war, map, negotiations, analysis, operations

# БИТКАТА НА КРИВОЛАК –ПРИМЕР ЗА БЕУМНА ЧОВЕЧКА ТРАГЕДИЈА

**Олвер Цацков**
Универзитет „Гоце Делчев„ – Штип, Република С. Македонија, oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Во трудот е опишана битката на Криволак која е пример за безумна човекова трагедија која се одвивала за време на Првата светска војна, а се одвивала во централниот дел на Македонија.Оваа битка ја покажала целата бесмисленост, апсурдност и залудната трагедија на учесниците во истата. Во него е прикажан распоредот и воените операции на бугарските и француските војници, збогатен со географски и топографски податоци.Исто така опишани се и неподносливата положба во која се нашле војниците од обете страни,суровата дисциплина и специфицната и психичка состојба која резулирала од долгиот престој во рововите.Во трудот место има и за целосното иселување на околните села од кој некоку и целосно биле уништени. Во овој период и населението не било поштедено не само од воените случувања туку и од многуте болести кој немилосрдно го десеткувале истото.Во темата е обработена само една епизода од многуте во текот на војна во овој дел на Македонскито фронт зак ој сметам дека ќе го сврте вниманието
**Клучни зборови**:војна,карта,преговори,анализи,операции.

## 1. ВОВЕД

Првата светска војна како глобален вооружен судир се водел на повеќе фронтови и континенти. Еден од нив е и Јужниот фронт кој бил формиран по неуспехот на Галиполската операција. Поради тоа што должината на фронтот се протегал низ територијата на Македонија истиот е познат и како Јужен, Солунски и Македонски фронт. Големата војна која започнала во 1914 година, а траела до 1918 година се сметала за една од најголемите вооружени судири во историјата на човештвото. Последиците од истата не биле само во огромниот број на човечки животи туку у во политичките последици кој оставиле длабоки траги кој дури и денес се чувствуват.. Првата светска војна чиј императив бил борбата за оне малку слободни територии кој останале неколонизирани . Од овие последици не бил поштеден ниту Балканот. Тој бил еден од главните патни артерии. Самата географска положба во однос на Европа и Блискиот Исток влијаела тој да се најде во центарот на интересите на двата блока Антантата и Централните сили. Македонија во текот на Првавта светска војна преставувала една од главните борбени линии каде завојуваните сили имале концентрирано голем број на војници. Овде била утврдена и линијата на Македонскиот фронт на која постојано се водела фронтовско –позициска војна. Поради важноста на овој фронт биле преземени повеќе акции од воен карактер на Антантата и Централните сили.
Уште во првата година од војувањето се покажало дека ниту војската на Централните сили ниту на Антантата не можеле да издвојуват решавачка победа. Затоа и двата завојувачки табори настојувале да ги придобијат на своја страна и оние држави кој сеуште биле неутрални.
Долго време Бугарија била убедувана од обете сили да се вклучи во војната. Антантата за да ја придобие Бугарија и ветувала дека по победата ќе и припадне цела Македонија однсоно териториите кои по Балканските војни и припаднале на Србија. Бугарија која тогаш длабоко навлегла во преговорите со

централниот блок на 6.9. 1915 година склучила таен договор со Германија. Со влагувањето на Бугарија во Тројниот сојуз на 14 октомври 1915 година, истата и објавила војна на Србија.

Според планот за напад на Србија изработен од фердмаршалот МекКензен, Првата Армија требало да ја нападне Србија од исток во правец на Ниш,а Втората да настапи во правец на Македонија со цел да ја спречи врската помеѓу Скопје и Солун и да не овозможи спојување на српските сили со француско-англиските во Солун. Понатаму напредувајќи требало да навлезе во Македонија и да го заштити Беломорскито брег и границата со Грција. Во моментот на влегувањето на Бугарија во војна против Србија,француските и англиските единици во Солунскиот мостобран не преставувале значајна воена сила и како такви не можеле да им дадат сериозна подршка на српските војски. Тие „прв пат стапиле во дејство во октомри 1915 година кога бугарските војски навлегле во Македонија која била под српска влас. Во две групи француските и англиските единици навлегле во долината на реката Вардар до Криволак и на потегот Радовиш-Струмица како и Струма-Петрич, како и преку Мегленско-Битолско –Црна Река кон утоката на реката Вардар.Обидувајќи седа ги запрат Бугарските војски,кој тие меѓу Валандово и Струмица влегле во отворен судир,но откако претрпеле пораз побрзале да се повлечат кон логорот во Солун.“[153]

Регионот по течението на реката Вардар во правец од Велес кон Гевгелија како и целата територија на „српска Македонија“ биле дел од активностите на четите на ВМОРО. Борбите кој започнале есента 1915 година се само од низата вооружени конфликити и инциденти.Со нападот на англо-француските позиции на реката Вардар и Црна Река во 1915 година на Криволак на страна на бугарската армија учество земала и 11.македонска дивизија. Активностите на ВМОРО се одвивале во правец на Кадровските дружини да влезат искусни војници од бугарската армија родени во Македонија.Во составот на 11-македонска дивизија биле вклучени војници првенствено родени во Македонија и Одринско или војници тесно поврзани со национално-ослободителното движење во наведените области. Мобилизацијата се однесувала и за оние кои не служеле воен рок.

Веднаш по преминувањето на српко-бугарската граница единиците на Втората бугарска армија извршила напад на српските војски чии отпор во Македонија бил мошне слаб.На 15 октомври бугарските единици ги освоиле Делчево,Берово,Крива Паланкаи се приближиле кон Куманово.Од 18 до 22 октомври бугарските војници влегле и во Штип, Куманово и Скопје. Втората бугарска армија „ била поделена во две групи – Северна и Јужна. Северната добила задача да и помага на Првата бугарска армија во борбата со српската војска,а Јужната групаво која останале сите други воени единици,имала задача да го блокиранастапувањето на сојузничките војки по долината на реката Вардар. На јужната група им било наредено да го заземе за одбрана преминот Соничка галава-Серта-Плачковица.И,покрај силните бугарски напади ,србите го задржале преминот Соничка глава по патот од Велес за Прилеп.“[154]

Од втората половина на месец октомври па се до 13 декември, француските и англисктие војскисе обидувале да им помогнат на нивните српски сојузници и во тој контекст воделе борби против бугарскат војска во тиквешко и гевгелиско-валандовскиот регион. Овие борби кој се воделе во многу тешки и спечифични услови во Македонија,позната е како Битката на Криволак[155].

## 2. БИТКАТА НА КРИВОЛАК

Оваа битка била една од најкрвавите битки на македонскиот ( Солунскиот фронт).Уште на самиот почеток се навестувало дека оваа голгота нема бргу да заврши,тоа го констатирале и обете завојувани страни, Централните сили и Антантата. Особено била трагична судбината на македонските војници кој за жал биле ставени во првите редови на фронтовата линија. Оваа битка ја покажала целата апсурдност на војната во кај најголема жртва било токму недолжното локално население. Во втората половина на месец октомври 1915 година,Тиквешијата се претворила во крваво боиште од една страна англо-францизите од друга страна бугарските војници

Во непосредната близина на штипскиот регион особено Лакавичкиот како на пример селата:Лакавица,Лесковица,Пиперово,Едеклерци,Гарван, Патрики други населени места најмногу ги почувствувале ужасите од ова битка. Во Лакавичкиот дел била сместена и позадинската единица, интендантската и санитетска служба и се друго што било потребно за учесниците на 11.Македонска дивизија.Реквизицијата односно конфискувањето на се онаа што можело да послужи на војската за нивните

[153]Стојанов,П.Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна.Скопје.1969.
[154]Марков,Г.Гоямата война ибългарскят ключ за европейски погреб 1914-1918.София.1995
[155]Селото Криволак се наоѓа во близината на градот Неготино.Во централниот дел на Република Северна Македонија во областа –Повардарие.

потреби,била методата која најтешко им паѓало на локалното население. Мажите од локалното население биле користени од страна на војска како бесплатна работна сила, како чувари и известувачи кои требало будно да следат се што се случува во околината на нивните села и за секоја промена веднаш да информират. И, така сиромашно ,кое едвај можело да обезбеди елементарни услови на живеење, населението било исправено и пред реквизицијата која биквално ги осавила без ништо.Со ова и така неподносливата состојба само кулминирала. Единствениот начин кој можел да го спаси населението било неговото иселување. Згора на сите места кој гравитирале околу Криволак не биле поштедени од разни болести. Убедливо најтежок ефект имала епидемијата на тифус. Импровизираните шаторски амбуланти биле единственитеместа каде што болните можеле да добијата каква –таква помош. Недостатокот од санитарен материјал,од соодветни лекови па и од медицински кадар само дополнително ја влошувала состојбата. Затоа и тешко болните и ранетите биле префрлени во болницата во Штип. Во„ текот на воените дејствиа до темел биле разурнати,а некои и засекогаш опустошиле.Сосема опустошиле јуручките селските населби во планината Конче. Неколку мостви на Црна река и реката Вардар биле опустошени.Црквите, џамиите,дуќаните,установите,училиштата и приватните куќи во повеќе тиквешки населби од страна на војниците биле претворени во воени или прехрамбени магацини“[156].
Околу 17 октомври во Криволак имало две бригади. Во реонот Гевгелија-Валандово-Удово-Градец биле дислоцирани 156-та ,а во реонот Градец-Криволак, устието на Црна Река 57-та француска дивизија.Малку подоцна покрај Црна Река била концентриранаи 122-та дивизија.Додека еден полк и една полска батеријаги обезбедувала железничките и патните мостови кон устието на Црна Река во реката Вардар.Од 21 октомври започнале да пристигнуват првите единици од француската 122 дивизија во Криволак.Французите утврдиле дека спроти нив дејствувале повеќе полкови од 5-та,7-та и 11-та бугарска дивизија. Генералот Сарај, добил задача од француската влада да обезбеди сообраќај на железничката линија Скопје-Солун како и да стапи во контакт со српските сили во потегот кон Велес. Позначајни судири имало кај Криволак односно Карлов рид што непосредно се издигнувал на левиот брег на реката Вардар северно од Кривлак.Бугарите ги имале „следниве позиции: 54 полк, митролеска чета јужно од селото Шеоба.левата колона во чиј состав имало 12 чети и една планинска полу батерија источно од селото Караоџали и третата дружина 45 от полк и две чети северно од селото Пепелиште и Пиперово и 11-та дивизијасо третата македонска бригада која била стационирана источно од селото Караоџали, а останатите сеуште биле во Штип“.[157]
Од 16 октомври до 7 декември во текот на неполни два месеца Тиквешијата и дел од штипскиот регион, преставувале терен на жестоки борби помеѓу англо-француските од една и бугарските војници од друга страна.Тоа предизвикало на овој релативно мал терен да биде арена на безмилосно и брутално соочување на целата апсурдност на војната. Можеби најеклатантен пример за тоа биле илјадниците гробови на војницте од разни националности кој токму овде ги положиле своите животи. На 5 ноември, французите со две непотполни дивизии извршиле напад во правец на Велес- и планината Бабуна. Воспоставиле „ врска со српските војнициод Вардарскиот одред кај селото Фариш каде што заедно дејствувале. На 6 ноември француските војници по кратки борби ги зазеле позициите на линијата Фариш-Мрзен-Ораовец-Чичово,а на 7 ноември ги одбиле нападите нападите кај селата Фариш и Чичево.“[158] Првиот напад од страна на бугарите започнал на 30 октомври 1915 година. Тогаш французите отвориле силен артиериски оган по што бугарската војска не можела да напредува,а движењето од лево кон десно било речиси невозможно од исклучителниот непристапен и тежок терен. Во следните десет дена, од Солун во реонот на Црна Река-Криволак- село Костурино пристигнувале по неколку возови дневно. Французите имале намера просторот кај Криволак да го претворат во базаод каде полесно ќе напредувале кон Штип и понатаму кон Кочани. Вториот напад од страна на бугарските војници бил од 17 до 20 октомври. Во него како и во првиот напад учествувале истите полкови.Обете завојувани страни располагале со исти сили. Во овој период англичаните изградиле два висечки мостови на Вардар кај Демир Капија и еден понтонски мост кај селото Криволак, за да можат заедно со Французите да го форсират левиот брег на реката Вардар. Третиот напад од страна на бугарските сили ,бил извршен два дена подоцна со засилувањена дополнителни делови од Третата балканска пешадиска дивизија. Француските сили во меѓувреме добро се утврдиле и донеле засилување. И , третиот напад на криволачката позиција завршила со неуспех и не ги дала очекуваните резултати на бугарската команда.Французите не биле потиснати од Карлов рид и од десната страна на реката Вардар.Загубите од овие три нападите билепоразителни.Според извештаите на француската и англиската армија во Солун

[156]Дарвингов.П.Дејствиа на 11-пехотна македонска дивизија од Криволак до Богданци.Софија.1915.
[157]Българската армия в световната война 1915-1916,том III,София,1938.
[158]Велики рат Србије за ослобоЂење и уједињење Срба,Хрвата и Словенаца,књига11.Београд,1929.

сојузничките војски во оваа операција изгубиле 6174 луѓе од кои француската војска изгубила 4965 војници или околу 10% од вкупно ангажираните трупи во воените дејствиа, а 10-та ирска дивизија имала 1209 убиени, ранети и изчезнати офицери и подофицери.Од вкупниот број на загуби на британските и француските војски речиси 2000 биле убиени или изчезнати, а останатите биле ранети. За жал не може со сигурност да се утврдат загубите на бугарската страна но се чини дека тие биле многу поголеми.Бугарските историчари пишуваат за 33.700 жртви во операциите во Србија и Македонија,против српските,француските и англиските војски“.[159]

И,покрај неуспешните напади кај Криволак бугарската војска успеала да ги блокира обидите на француските сили за пробив на тој дел од фронтовата линија.Таквата состојба на теренот се задржала се до почетокот на декември,кога сојузниците започнале општо повлекување.

Од 18 ноември до 1 декември и двете завојувани страни во струмичкиот регион преминале во дефанзива.Активните воени дејствиа биле запрени поради неповолните временски услови односно снегот и студеното време. По целата линија настапило затишје, никакви воени дејствиа не биле возможни.Студотсилно се почувствувал во бугарската армија. Многу од војниците немале топла облека,а имало и војници без шинели. Во 11-та македонска пешадиска дивизија, која најлошо била екипирана,многу од војниците биле во домашна облека. За заштита од студот биле ископани земјанки.Биле преземени мерки за доставување на дрва за огрев,но и покрај тоа во секој полк секојдневно имало од 10-20 премрзнати војници.Сојузничките „војски французите и англичаните исто така пострадале од студот.Меѓу нивната војска,во периодот од 26 до 30 ноември,во англиската армија премрзнале 23 офицери и 1663 војници“.[160]

Во богатата историјана македонскиот народ, Криволачката битка имала посебно значење.Во неа учествувале и многу Македонци ,а одниви голем број на штипјани. Од оваа голгота на македонскиот народ ќе ги издвоеиме само оние најпознатите.Такви се на пример Анев Сане и Владимир Петров. Од нивните блиски преку нивните сеќавања дознаваме за ужасите со кој се соочувале со гладот,долготрајното и исцрпувачко присуство во рововите, есенските дождови. Се разбира не помалку тешко било и постојаното мислење на најблиските за кој тие немале никакви информации. Се разбира дека со ова се соочувале сите војници кој учествувале во оваа битка. Сане Анев кажува дека најтежок момент во живото е оној кога еден од многу напади се соочил со војник од француската војска. Иако не зборувале на ист јазик и не можеле да се разберат,гледајќи сево очи. Тој пукаше во мојата десна рака,а јас во неговата нога продолжува Сане. Потоа без заробен од француските сили ,а нивната санитетска служба не само што му помогнала последиците од куршумот во неговта рака да бидат санирани, потенцирајќи дека односот кон негобил исклучително коректен. Додека,пак, Владимир Петров се присетува на блискиот контакт со француските војници особено глетката на борбата гради во гради со бајонетите во која буквално во секој миг очекувал напријателски бајонет да заврши во неговото тело.Смртта била насекаде околу него.За тоа дали ќе останеш жив одлучувала брзината на реакција и фокусираноста на тоа дека ако јас не го убијам непријателот,ќе бидам убиен јас заклучува Владимир. Од овие двајца учесници во битката на Кривлак ја дознаваме и поговорката за омилениот офицер полковникот Дрангов, кој бил командант на 9-от пешадиски полк на 11 македонска дивизијакоја гласела „Има Дранго има леб ,нема Дранго нема леб“.За битката на Криволак има испеани и многу песни. Една од најпознатите е “Криволачката гара“.[161] Истата на прозаичен начин ја доловува битката..

Пуста остана гарата
Гарата братја криволачка
И там паднаха нашите братја
Од шести македонски полк
Силни атаки атакуваа
Веригите ги отслабнуваа
Од англо-френските војски

Додека силите на сојузниците биле блокирани по долината на реката Вардар и не можеле да воспостават врска со српските сили, положбата на Србија станала очајна, будејќи не можела повеќе да се задржи на својата територија,а за да го избегне уништувањето започнала да се повлекува. Планот на Мекензи да ја уништи српската армија на нејзината територија завршила со неуспех.Српската војска тргнала преку планините на Црна Гора и Албанија.Пред влегувањето во Албанија бил уништен целиот воен материјал кој

[159]Тодоров,П. Патот кон непознатото, Франкофонски круг,Скопје,2016.
[160]Wakelfield,A. Under the devil’Eye.The Britain’s forgotten army at Salonika1915-1918,London.2004.
[161]Испеана е во 1915 година.

не можел да се пренесува во тешките и непристапни планини. Зимата,гладот и исцрпеноста ја десеткувака војската и населението кое се повлекувало со војската. Во декември 1915 годинасе стационирале околу Скадар од каде се упатиле кон Драч и Валона од каде биле префрлени со сојузничките бродови на островот Крф.За кратко време српската војскабила реорганизира по француски модел за да бидат префрлени на Солунскиот фронт.

Во декември 1915 година француските и англиските војници започнале да се повлекуват во правец кон Гевгелија.Притоа биле уништени сите мостови и железничкиот тунел кај Демир Капија .Бугарските единици започнале силен напад кон Валандово и Дојран со цел да ги заобиколат и уништат силите на Антантата.Обид бил неуспешен. При крајот на декември сите англиски ифранцуски војници ја напуштиле територијата на Македонија под српска власт.По два месеца војна бугарската војска ја зазела територијата на Македонија.Првите месеци од 1916 година биле карактереистилни со силен снег, виулици и густа магла.Ова било причина во овој период речиси и да нема никакви воени активности. Истите ќе бидат обновени во летото кога бил повторно обновен Македонскиот фронт.

**3. ЗАКЛУЧОК**

Самиот наслов на темата укажува дека се работи за специфична материја која бара директно навлегување,ретроспективен поглед од еден дел од Првата светска војна-Криволачката војна.Сметам дека покрај досегашните толкувања и дефинирања потребно е да се спомнат причините на целата одговорност за вистината на оваа човечка драма во чиј центар е македонската земја и македонскиот народ. Сите воени настани и други случувања за Криволачката битка се набљудувале на очевидци, па така не постои никаков сомнеж во нивната веродостојност.Двете војски се соочувале со сериозни тешкотии лошите услови на војувањето ,студот,снегот,есенските дождови,слабостите во интендантските служби во оваа сурова војна воопшто не се почитувале ниту Женевската конвенција за ранетите и војниците. Оваа битка била пример за човечката голгота.

Цивилното население било жртва на сите војски кој се вкрстувале на овој простор. Многу населени места останале без жители.Масовната миграција го опустошила целиот крај. Онаа малку население што останалобило изложено на суровата реквизиција и користење како ангарија- бесплатна работна рака. Хендикеп на усната историографијата е што има мал број на сведоштва од директните учесници на оваа битказа како и на населението кое било колатерална штета на оваа битка.

**ЛИТЕРАТУРА**

Дарвингов, П., (1915) Дејствиа на 11-пехотна македонска дивизија од Криволак до Богданци.Софија,54.
Кременеров, Г., (2019) България в Световната война. София,34-65.
Марков, Г., (1995) Гоямата война ибългарскят ключ за европейски погреб 1914-1918.София,87.
Недев, Н., (2001) България в Световната война 1915-1918,София,45.
Петров, И.,(2003) Войната в Македония (1915-1918) София,6-15.
Робинс, К., (2015) Првата светска војна,Нампрес,Скопје,68.
Тодоров, П., (2016) Патот кон непознатото, Франкофонски круг,Скопје.17-34-66.
Wakelfield, A., (2004) Under the devil'Eye.The Britain's forgotten army at Salonika1915-1918,London.